Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-718/4
10-11-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-718 од 28.9.2023 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-718 од 28.9.2023 година, поднесена од [redacted] **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**Образложение**

На 28.9.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] за извршена дискриминација врз основа на националност.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше конкретизиран потенцијалниот дискриминатор, на 3.10.2023 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе го конкретизира физичкото/правното лице/органот против кого ја поднесува претставката, а дополнително во однос на околностите и фактите врз кои се темели претставката, да образложи на кој начин смета дека нејзе не и е овозможен еднаков третман од страна на потенцијалниот дискриминатор.

Поради фактот што беа извршени 2 неуспешни обиди за достава на предметното барање за доуредување, при што поднесокот беше вратен од пошта со образложение: известен – не побарал, на 30.10.2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја извести подносителката и уредно го достави барањето за доуредување преку електронска пошта. Со ваквото известување подносителката беше задолжена да ја доуреди претставката во законскиот рок од 8 дена.

Подносителката на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
10.11.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]